# Годишен извештај 2007



Сподели доживувања

T - Mobile

Информации за компанијата 2 3
Атрибути на глобален бренд 4 5
Изјави 6 7
Менаџерскиот тим на T-Mobile 8 9
Луѓе - услуги 10 15
Услуги, мрежа, технологија 16 19
Финансиски извештај


Сподели доживувања
T Mobile

# Информации за компанијата

## Лидер во иновациите, компанија одговорна кон општеството

**T-Mobile Македонија е позната како лидер во иновациите, со најдобар квалитет во мрежата, компанија која нуди иновативни услуги, едноставни за употреба.** Како прв мобилен оператор во Македонија, T-Mobile Македонија е основан во септември 1996 година, под името МобиМак. Од 2001 година наваму, компанијата функционира како независна подружница на Македонски Телекомуникации. На 1 септември 2006 година, се случи ребрендирањето на МобиМак во T-Mobile по подготовка од неколку месеци. Компанијата се ребрендираше во T-Mobile Македонија, станувајќи дел од меѓународното T-Mobile семејство.

T-Mobile Македонија е позната во ТМ Интернационал како T-Mobile земја со најдобар квалитет на мрежа. Нашата мрежа покрива 99,9% од населението и над 98,5% од територијата на Република Македонија. Горди сме на квалитетот на нашата мрежа која постојано ја надградуваме со цел да овозможиме што поквалитетни и достапни услуги.

Благодарение на меѓународното присуство на T-Mobile, корисниците можат да сметаат на достапноста на нашите услуги дури и кога се во странство и да ги искористат унифицираните и поволни цени на повици. Корисниците на T-Mobile можат да комуницираат низ цел свет, користејќи ги нашите роаминг услуги што ги нудиме во над 90 земји.

T-Mobile Македонија беше првиот оператор кој воведе GPRS и EDGE, со тоа значително зголемувајќи ја брзината на пренос на податоци. Компанијата е препознатлива како лидер во иновациите, со своите нови и лесни за употреба услуги, како што се web'n'walk, web SMS, Push mail, давајќи им вистинска слобода на движење на сите свои корисници. Довербата на над милион корисници во земја со население од 2,2 милиони ја потврдува нашата водечка позиција и нѐ обврзува да продолжиме со нашата мисија – да станеме најценета услужна компанија.

Како успешна компанија, се чувствуваме одговорни кон општеството и инвестираме во Македонија. Преку Фондацијата T-Mobile за Македонија, спроведуваме хуманитарни активности. Се грижиме за околината преку еколошки активности чијашто главна цел е да ја чуваме Македонија чиста и безбедна.



# Глобален играч во секторот за мобилни комуникации

Како еден од најголемите глобални мобилни оператори, T-Mobile Интернационал на своите корисници им ги нуди најновите технологии и модерни мултимедијални решенија. Од своето формирање во декември 1999, T-Mobile Интернационал, подружница и во целосна сопственост на Дојче Телеком, се утврди како еден од водечките глобални оператори.

Развојот на новите технологии и понудата на целокупни услуги со фокус врз корисникот, и овозможија на Групацијата T-Mobile да ја подобрува својата положба со секоја наредна година. Компаниајта работи во Европа и во Соединетите Американски Држави и во моментов има околу 120 милиони корисници (12/2007) – бројка која постојано расте.

T-Mobile Интернационал е првиот и единствен оператор кој досега вовел единствена трансатлантска мрежа, заснована на најуспешниот дигитален стандард за мобилни комуникации - GSM (Global System for Mobile Communications – Глобален систем за мобилни комуникации). Компаниите од Групацијата T-Mobile беа меѓу првите мобилни оператори кои користеа технологии од новата генерација, како што се GPRS, UMTS (3G) и WLAN.

На глобално ниво, Дојче Телеком и T-Mobile Интернационал учествуваат како акционери во дванаесет директни и индиректни компании. Групацијата е единствен или мнозински акционер во Германија, САД, Обединетото Кралство, Австрија, Холандија, Чешка и Полска. Дојче Телеком има удел и во телекомуникациските компании во Унгарија, Хрватска, Словачка, Македонија и Црна Гора.

Како дел од стратегијата на Групацијата – „Насочување, подобрување и пораст“, T-Mobile Интернационал си постави цел за понатамошен развој на глобалниот сектор на мобилни комуникации.



# Атрибути на глобален бренд

## Мултинационален мултимедијален бренд

Ќе бидеме најценета услужна компанија ...
... со посветеност да им овозможиме вистинска љубов на сите.
Сигурност, едноставност и инспирација – зад ова стои T-Mobile, со своите производи и услуги Корисниците го препознаваат T-Mobile преку овие три глобални карактеристики на брендот: сигурност, едноставност и инспирација – три работи кои мобилните корисници јасно ги побарале.

Сигурност
Клучна компонента за корисниците е да можат да му веруваат и да можат да се повикаат на еден бренд. Сигурноста се однесува на врската помеѓу довербата и лојалоста која постои помеѓу T-Mobile и неговите корисници. „Јас сум T-Mobile – сметајте на мене."



## Едноставност

T-Mobile сложеното го прави едноставно, посветувајќи се на smart simplicity. Луѓето сакаат производи и услуги кои се лесни за употреба, независно колку е сложена технологијата во позадина. Зошто да комплицираме, кога може да биде едноставно?

## Инспирација

Посветени сме кон креирање услуги кои ќе ги инспирираат и пријатно ќе ги изненадуваат нашите корисници со тоа што ќе им нудат нови бенефиции и можности за комуникација. Посветени сме да ги направиме нашите понуди пријатни, корисни, и при рака секогаш кога корисниците имаат потреба од нив.



# Изјави



Дами и господа,

2007 беше година тесно поврзана со динамиката во телекомуникацискиот пазар. Третиот мобилен оператор влезе на пазарот и сите дванаесет месеци се карактеризираа со зголемен конкурентен притисок. Исто така, мобилниот пазар се развива многу брзо и носи нови услуги, технологии и понапредни кориснички потреби. Овие услови носат нови предизвици за T-Mobile, но и нè прават посилни.

2007 беше и година за радување. Достигнавме еден милион корисници, забележителен подвиг ако се земе предвид фактот што населението на Македонија е само малку над два милиона со стапка на мобилна пенетрација од 72 проценти. Ова значи дека T-Mobile Македонија има 66 проценти од македонскиот мобилен пазар – пазар кој компанијата помогна да се воведе во 1996 како прв оператор во земјата. Оттогаш, компанијата води во иновативниот фокус на мрежниот квалитет, ставајќи ги над сè потребите на корисникот.

Следејќи го брзиот развој на пазарот, се соочуваме со нови предизвици и нудиме нови услуги и технологии, секогаш еден чекор пред очекувањата на нашите корисници. Но, брзината на развој не е единствениот чекор кон успехот. Мораме да останеме и сигурен партнер и да го следиме приодот на корисничка насоченост, како и можностите на локалниот пазар со цел да ги понудиме овие услуги по многу атрактивни цени.

Нашите напори неизбежно водеа кон зголемување на приходите и EBITDA за 2007 година. Решени сме да го продолжиме овој успешен развој.

Мајкл Лоренс,
Главен извршен директор



Дами и господа,

Во 2007 година, достигнавме еден милион корисници. Ова не е само број. Ова се различни луѓе, кои сметаат на нас. Како мобилна компанија, нашиот главен приоритет е насоченоста кон корисниците. Треба постојано да го подобруваме нашето разбирање за корисниците и нивното разбирање за нас. Во 2007 година, го зголемивме корисничкото задоволството; започнавме да го применуваме приодот на „едноставно поблиску" во продажните салони; ги поедноставивме процедурите кон корисниците, што резултираше во уште поголемо корисничко задоволство.

2007 година беше и година на иновации – T-Mobile понуди услуги коишто ги однесоа корисниците во една нова ера на комуникации – конвергирани интернет и мобилни услуги како што се: webSMS; web'n' walk" и Push mail. Со овие услуги, нашите корисници можат да сурфаат на интернет со своите мобилни телефони, да четуваат со пријателите, да пишуваат е-пораки и да го следат својот распоред на состаноци, преку функцијата календар.

2007 година беше уште и година на намалени цени во припејд и во деловниот сегмент за повеќе од 30%. Понудивме и нови припејд тарифни модели со многу атрактивни цени за разговори и SMS пораки.
Ќе ја следиме оваа стратегија и во иднина: задоволство на нашите корисници, иновативни услуги и конкурентни цени.

Жарко Луковски,
Главен оперативен директор

# Менаџерскиот тим на T-Mobile

## Мајкл Лоренс, Главен извршен директор

Мајкл Лоренс е Главен извршен директор на T-Mobile Македонија. Тој работи за T-Mobile веќе 11 години. Го воспостави заедничкиот потфат во мобилната телефонија со Кина Уником во 4 главни региони на Кина во 1998/99 година. Го воспостави и UMTS конзорциумот во Франција, па го контролираше мобилниот оператор PTC во Полска. Од 2004 е на челната позиција во T-Mobile Македонија. Под негово водство, T-Mobile Македонија има поголем удел во приходите и генерира високи EBITDA маргни. Д-р Мајкл Лоренс дипломирал инженерство на Рајнско-вествалскиот Технички Универзитет (RWTH) во Ахен. Подоцна работел како консултант за спојувања и преземања во Дојче Банк.

## Жарко Луковски, Главен оперативен директор

Жарко Луковски е Главен оперативен директор на T-Mobile од септември, 2007 година. Член е на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје од ноември 2006 година, а Претседател на Одборот од декември истата година. Луковски има големо искуство на полето на компјутерски науки и телекомуникациската интеграција. Неговото искуство опфаќа и работа како на шведскиот, така и на македонскиот пазар. Тој имаше активна улога во проектот за електронски потпис на Министерството за финансии. Подолг период, Луковски работел и соработувал со различни светски брендови како Fujitsu, Siemens, Microsoft, Philips, Compaq, Xerox, Hewlett Packard, Motorolla, Ericsson, при што стекнал широко меѓународно искуство.

## Ефтим Бетински, Главен директор за технички операции

Ефтим Бетински е главен директор за технички операции на T-Mobile. Почнувајќи како инженер за операции и одржување во 1991, неговата кариера се развиваше до позиција на главен директор за технички операции во 2001 година. Неговите главни достигнувања се: 2G/GPRS/EDGE 596 BTS (4115 трансивери) на 441 локации, 3 MSC и 6 BSC на 3 локации со целиот сектор за операции и одржување, развивање на сектор за инвестиции и планирање, сектор за радио мрежи, сектор за основна мрежа, сектор за развој и стратегија, развој на при пејд системот до 1 милион корисници (900 илјади во 2007 година). Бетински е инженер за електроника и телекомуникација, едуциран и дипломиран на Московскиот Универзитет за Телекомуникации во 1990 година.

## Дејан Крстевски, Главен директор за финансии

Дејан Крстевски работи за T-Mobile Македонија веќе 7 години, а од 2005 е Главен директор за финансии. Претходно работел во Македонски Телеком 4 години како Раководител за финансии, во Секторот за стратегии. Во T-Mobile ја формираше Областа за финансии и секторите Финансиски односи со корисниците, Централизирани набавки, Деловно планирање и контрола и Сметководство и финансова оператива. Под негово водство, T-Mobile Македонија обезбедува висок раст на приходите, профитабилност во работењето и инвестиции во технологијата. Дејан Крстевски е машински инженер, дипломиран економист, магистер по деловна администрација, а во моментов е докторант на Економскиот факултет во Прилеп.




Ефтим Бетински - CTO
Главен директор за технички операции

Жарко Луковски, COO
Главен оперативен директор

Мајкл Лоренс, - COO
Главен извршен директор

Дејан Крстевски - CFO
Главен директор за финансии

Душко Кантарџиев - CITO
Главен директор за ИТ

## Душко Кантарџиев, Главен директор за ИТ

Душко Кантарџиев е главен директор за ИТ во T-Mobile Македонија. Неговата кариера се протега низ 15 години на различни положби во Македонски Телеком и T-Mobile. Тој ги воспостави првите меѓународни врски и сметководство на телефонскиот сообраќај по распадот на југословенската ПТТ служба во 1991 година. Во период од две години, беше технички директор на компанија за електронски безбедносни системи за големи компании и војската. Во 1996 година, беше член на тимот основачи на првата мобилна мрежа во земјата – МобиМак, одговорен за наплата и кориснички услуги. Од 2001 година е на положба на Главен директор за ИТ во T-Mobile, водејќи ја најкомплексната ИТ средина во земјата. Душко Кантарџиев е дипломиран електротехнички инженер, отсек Електроника и телекомуникации, при Универзитетот „Кирил и Методиј“, Електротехнички Факултет, во Скопје.

## Силни колку еден милион

Во 2007 година, T-Mobile Македонија го достигна својот милионити корисник – извонреден број, ако се земе предвид дека вкупното население во Македонија е малку над два милиона со стапка на мобилна пенетрација од 72 проценти. Оваа извонредна бројка докажува дека сме на вистинскиот пат. Компанијата им овозможува мобилни услуги на две третини од населението на земјава.

## Поглед напред

Во 2007 година, започна со работа третиот мобилен оператор и мобилниот пазар во Македонија стана многу конкурентен со 3 мобилни оператори, во земја со само 2,2 милиона жители. Но, овие услови нѐ прават уште посилни. Со цел да го одржиме високиот пазарен удел, посветени сме да останеме најценета услужна компанија. Се стремиме да го следиме неверојатно брзиот пазарен развој и да се соочуваме со новите предизвици, со цел да бидеме еден чекор пред очекувањата на корисниците. Најпрво, ги вреднуваме луѓето и нивните потреби: нашите корисници,  нашите вработени и целото општество. Се фокусираме и инвестираме во квалитетот на нашата мрежа и во иновативни и лесни за употреба услуги.  Ќе работиме и во годините што следуваат да останеме мобилен оператор број еден во земјава.





# Луѓе – корисници, вработени, заедница

## Корисници

Силно веруваме дека познавањето и разбирањето на нашите корисници е од основно значење за да бидеме најценета услужна компанија. Го вреднуваме секој корисник како поединец, нудејќи персонализирани услуги за секој сегмент на корисници: припејд, постпејд и деловни корисници.

Корисничкото задоволство во голема мера зависи и од квалитетот на корисничките услуги. Контакт центарот на T-Mobile е подготвен да одговара на прашања од нашите корисници 24 часа на ден, 7 дена во неделата, 365 дена во годината. Во 2007 година, Секторот за кориснички услуги одговори на над 1,1 милион кориснички барања преку неколку различни канали: IVR, телефон, е-пошта итн. Нашите оператори се подготвени да одговорат на прашањата на 3 различни јазици – македонски, албански и англиски.



Нашиот приод кој го следи мотото „едноставно поблиску” е видлив и во продажните салони. Нашите референти за продажба се посветени на тоа да им понудат најдобри услуги на нашите корисници, притоа задржувајќи го личниот контакт. Нашата голема мрежа се состои од 130 продажни салони низ Македонија, во кои ги нудиме нашите услуги и уреди.



Ја прославивме Неделата на кориснички услуги.  Оваа Недела се слави низ целиот свет и за прв пат во Македонија – за да го одбележи професионализмот во областа на кориснички услуги и да ја подигне свесноста кај компаниите за огромната улога што ја имаат професионалците во оваа област. Со цел да се поедностават процедурите кон корисниците, ја создадовме програмата – Едноставно услужни, и Мојот T-Mobile – портал за самопослужување, кои постојано се подобруваат.

# Вработени

Мотивирани и компетентни вработени значат задоволни корисници, кои се клуч на успехот; во исто време, ти имаат одлучувачко влијание на нашата репутација и квалитет како услужна компанија. Затоа, инвестираме во учење и развивање со цел да ги зголемиме корисничкото задоволство и работната ефективност. Ова подеднакво се однесува на талентираните помлади вработени и дипломците, како и искусните директори и експерти.

Ги следиме вештините и можностите на секој вработен и организираме семинари за подобрување на професионалните вештини потребни за конкретните работни места, но и изучување странски јазици презентација на разни студии итн. Имајќи предвид дека секој вработен има различни потреби и карактерни особини, организиравме обуки и работилници за градење на тимот, сè со цел да воспоставиме соработка меѓу вработените во секторите, меѓу различните сектори и меѓу функционалните делови на компанијата.



Задоволството на вработените е исто така важно. Во 2007 година, продолжуваме со организирање забави и семејни денови за вработените и нивните семејства, ги наградуваме најдобрите вработени од претходната година, нудиме ниски цени и посебни пакети за мобилни телефони, нудиме попусти за патување, организираме хуманитарни и еко акции итн.

На тој начин, го издигнуваме профилот на Дојче Телеком како компанија ориентирана кон талентирани луѓе и инспирираме поголема мотивација во нашите високо-технолошка работна средина, која ни помага да станеме меѓународен лидер на пазарот на услуги за поврзан живот и работа.



# Општество

T-Mobile е свесен за и ја прифаќа својата социјална одговорност која доаѓа од неговата положба на пазарен лидер. Токму затоа работиме за да и возвратиме на локалната заедница. Преку спонзорствата и хуманитарните активности на Фондацијата T-Mobile за Македонија, ја исполнуваме својата обврска кон општеството.

Фондацијата  T-Mobile за Македонија е непрофитна организација, основана во 2002 за поддршка и покренување на хуманитарни активности и донации. Со целокупното членство волонтери од секторите на T-Mobile Македонија, Фондацијата се труди да придонесе во различните сегменти на македонскиот живот, фокусирајќи се на децата, здравството и хуманитарните проекти.

Во  2007 година, Фондацијата организираше традиционален хуманитарен карван за поддршка на социјално загрозени семејства со предмети од домаќинството и новогодишни подароци за децата. Хуманитарните концерти се многу популарни за покренување на свесноста за помош и се брз и ефективен начин за собирање на потребните средства. Оваа година, Фондацијата организираше три хуманитарни концерти: хуманитарен концерт за деца со церебрална парализа; хуманитарен концерт за собирање средства за реновирање на психијатриската болница во Гевгелија, и два концерта во Прилеп за помош на деца кои страдаат од Баров синдром. Хуманитарните броеви за собирање донации за итни операции и медицински третмани беа зголемени за 12, па така на крајот од годината имавме 50 донациски броеви за 50 индивидуи.

Нашата посветеност како корпоративно одговорна компанија ја остваруваме и преку спонзорските активности. Следејќи ја стратегијата за спонзорство на T-Mobile, се фокусираме на спортот и културниот живот во нашата држава. Во 2007 година, нашиот главен фокус беше поддршка на најуспешните спортови во Македонија.  Па така, склучивме договори за партнерство со Тениската и Ракометната федерација и го поддржувавме најдобриот женски одбојкарски тим, наречен T-Mobile одбојкарски тим.





# Услуги, мрежа, технологија

## Услуги

Во нашето време, мобилниот телефон е дел од секојдневието. Мобилниот пазар се шири, а иновациите и новите услуги се појавуваат со огромна брзина. За да ги задоволиме барањата на нашите корисници, мораме да дејствуваме еден чекор пред нивните очекувања. T-Mobile е препознатлив како иновациски лидер. Нашата цел е да ги понудиме светските трендови во мобилната телефонија, но и конкурентни цени и услуги адаптирани на локалниот пазар и прилагодени на секој поединечен кориснички сегмент: припејд, постпејд и бизнис.

2007 година беше година на нови услуги, намалени цени и нови тарифни модели. Воведовме webSMS; web'n'walk и Push mail услуги кои нудат вистинска слобода на движење за секого. Со овие услуги ги носиме корисниците во една нова ера – сега можат да сурфаат на интернет од нивните телефони, да четуваат со пријателите, да праќаат е-пораки и да имаат преглед на сите свои состаноци, благодарение на функцијата календар. Ќе продолжиме во истата насока – создавајќи нови конвергирани интернет и мобилни услуги.



Во 2007 година, T-Mobile понуди три нови тарифни модели, за припејд, постпејд и деловниот сегмент. Со Easy Talk и Easy SMS, при пејд корисниците добиваат многу поволни цени за разговори и SMS. Relax Family е новиот постпејд семеен концепт со екстремно атрактивна цена од 0, 9 ден. / минута меѓу членовите на семејството. Во деловниот сегмент, понудивме нов тарифен модел – Team Бизнис со една заедничка месечна претплата и повици кон членовите на тимот од само 0 ден.

Цените значително се намалија и во постпејд и во деловниот сегмент, за околу 30%, што забележително го зголеми корисничкото задоволство. Нашата посебна понуда – 100 за 100 нудеше 100 минути за само 100 денари и значително намалување на цените за разговори во викендите.



# Мрежа и технологија

T-Mobile е препознатлив како иновативен лидер со силна корисничка насоченост. Ова не е лесна задача, затоа што комуникациските потреби на корисниците растат, од ден на ден, следејќи ги иновациите во услугите. Во денешно време, мобилниот телефон е работна алатка, уред за забава и информации. Наша цел е да нудиме најдобри и најмодерни услуги, останувајќи притоа сигурен партнер.

Ова може да се оствари само со најдобрата мрежа и со постојано надградување и зајакнување на мрежниот капацитет. Покриеноста, капацитетот и сигурност на мрежата се најважни за стекнување нови корисници и нивно долгорочно задржување. Горди сме на нашата мрежа изградена пред 11 години, во 1996, кога изградивме национална мрежа околу стабилниот мрежен оперативен систем, кој овозможува постојана достапност и може да реагира при секакви системски дефекти во реално време.



Денес, нашата мрежа покрива 99,8% од населението и 96% од територијата на Македонија. Мрежата на T-Mobile е една од најдобрите во регионов, не само во нашава земја. Наша цел е да останеме број еден, со постојана надградба и зајакнување на нашиот мрежен капацитет, подобрување на сигналната покриеност и воведување врвни технологии.

Во 2007 инвестиравме во подобрување на стабилноста на радио мрежата, ја проширивме GSM радио мрежата, воведовме нови технологии и платформи кои ќе ги поддржат новите производи и ќе овозможат побрз пристап до интернет. Благодарение на овие инвестиции и подобрувања на мрежата, нашите корисници имаат најбрзи возможни конекции, брзи GPRS услуги, како што е интернет сурфање, преземање датотеки, реален мултимедијален стриминг, е-пошта, успешност на повиците од над 99% итн.



**Т- МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

# Финансиски извештаи

За годината која завршува на
31 декември 2007
со Извештај на ревизорот

# Содржина

Извештај на ревизорот

Финансиски извештаи

| | |
|---|---|
| Биланс на успех | 1 |
| Биланс на состојба | 2 |
| Извештај за паричните текови | 3 |
| Извештај за промените во капиталот | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 |

PRICEWATERHOUSECOOPERS

**ПрајсвотерхаусКуперс**
Ул.„Маршал Тито„ 12,
„Палата Македонија" IV кат
1000 Скопје
Република Македонија
Телефон +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Факс +389 (02) 3116 525
www.pwc.com/mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Бордот на Директори и Акционерите на Т-Мобиле Македонија А.Д. Скопје

### Извештај за Финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Т-Мобиле - Македонија А.Д. Скопје, кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2007 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*
Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективната презентација на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според наше мислење, финансиските извештаи , од сите материјални аспекти, даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Т-Мобиле - Македонија А.Д. Скопје, заклучно со 31 декември 2007 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија.

Управител
Љубе Ѓорѓиевски

Овластен ревизор
Љубе Ѓорѓиевски

Скопје
19 февруари, 2008 година
ПрајсвотерхаусКуперс дооел Скопје

## Биланс на успех

| *Во илјади денари* | Белешка | За годината која завршува на 31 декември 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| Реализација | 1 | 10.101.370 | 8.985.189 |
| Останати приходи од дејноста | 2 | 127.669 | 344.681 |
| Амортизација | | (1.212.797) | (1.839.417) |
| Бруто плати | | (323.454) | (339.351) |
| Останати расходи од дејноста | 3 | (4.300.710) | (3.719.317) |
| **Добивка од работењето** | | **4.392.078** | **3.431.785** |
| Приходи од финансирање | 4 | 227.804 | 156.215 |
| Расходи од финансирање | 4 | (45.771) | (37.585) |
| **Нето приходи од финансирање** | 4 | **182.033** | **118.630** |
| **Добивка пред оданочување** | | **4.574.111** | **3.550.415** |
| Данок на добивка | 5 | (627.366) | (460.226) |
| **Нето добивка за годината** | | **3.946.745** | **3.090.189** |

Белешките од страна 5 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи

## Биланс на состојба

| *Во илјади денари* | Белешка | На 31 декември 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 1.565.652 | 1.402.722 |
| Аванси за недвижности, постројки и опрема | | - | 10.888 |
| Нематеријални средства | 7 | 1.602.185 | 1.644.855 |
| Останати вложувања | | 305 | 305 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3.168.142** | **3.058.770** |
| Залихи | 8 | 210.197 | 264.446 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 9 | 2.626.998 | 5.379.999 |
| Депозити во банки | 10 | 305.632 | 417.568 |
| Парични средства и еквиваленти на паричните средства | 11 | 2.144.893 | 1.814.101 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.287.720** | **7.876.114** |
| **Вкупна актива** | | **8.455.862** | **10.934.884** |
| **Пасива** | | | |
| Акционерски капитал | 12 | 2.791.453 | 2.791.453 |
| Законски резерви | | 558.291 | 558.291 |
| Акумулирана добивка | | 3.946.745 | 6.462.794 |
| **Вкупен капитал и резерви** | | **7.296.489** | **9.812.538** |
| Резервирања за други обврски и плаќања | 13 | 291.360 | 6.368 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | **291.360** | **6.368** |
| Резервирања за други обврски и плаќања | 13 | 431 | 150 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 14 | 667.788 | 939.235 |
| Тековни обврски за данок на добивка | | 199.794 | 176.593 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **868.013** | **1.115.978** |
| **Вкупни обврски** | | **1.159.373** | **1.122.346** |
| **Вкупно пасива** | | **8.455.862** | **10.934.884** |

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 1 до 26 беа одобрени од страна на Раководството на Т-Мобиле Македонија АД - Скопје на 19 февруари 2008 година и се предмет на разгледување и одобрување од страна на Одборот на Директори и од страна на акционерите на датум кој дополнително ќе се утврди.

| Мајкл Лоренс<br>Главен Извршен<br>Директор | Жарко Луковски<br>Главен Оперативен<br>Директор | Дејан Крстевски<br>Главен Директор<br>за Финансии |
|---|---|---|

Белешките од страна 5 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи

# Извештај за паричните текови

| *Во илјади денари* | Белешка | За годината која завршува на 31 декември 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| Добивка пред оданочување | | 4.574.111 | 3.550.415 |
| *Корекции за:* | | | |
| Амортизација | | 1.212.797 | 1.839.417 |
| Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања | 3 | 116.788 | 94.878 |
| Наплатени претходно отпишани побарувања | 2 | (13.851) | (21.438) |
| Исправка на вредноста на залихите на нето пазарна вредност | 3 | 20.846 | (2.014) |
| Приходи од камата | 4 | (227.804) | (156.215) |
| Расходи од камата | 4 | 10 | 1.100 |
| Останати непарични усогласувања | | 3.195 | 3.017 |
| Резервирања за судски спорови | 3 | 183.055 | 150 |
| Отпис на залихи | 3 | 28.342 | 20.062 |
| Ефект од промена на курсот на паричните средства и еквивалентите на паричните средства | | 20.798 | (11.722) |
| Нето загуба/(добивка) од продажба на недвижности, постројки и опрема | | 3.666 | 728 |
| **Парични средства од работењето пред промената во обртниот капитал** | | **5.921.953** | **5.318.378** |
| Намалување/(зголемување) на залихите | | 4.922 | (46.814) |
| Зголемување на побарувањата | | (110.965) | (767.173) |
| (Намалување)/зголемување на обврските | | (105.305) | 496.458 |
| Зголемување на резервирањата | | 102.218 | 150 |
| **Готовина генерирана од работењето** | | **5.812.823** | **5.000.999** |
| Платени камати и банкарски провизии | | (10) | (3.936) |
| Платен данок од добивка | | (604.165) | (317.055) |
| **Парични текови од оперативни активности** | | **5.208.648** | **4.680.008** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | | (790.645) | (502.903) |
| Набавка на нематеријални средства | | (705.577) | (515.487) |
| Депозити во банки | | 89.676 | 46.634 |
| Приливи од продажба на недвижности, постројки и опрема | | 3.920 | 3.335 |
| Краткорочни заеми дадени на поврзани субјекти | | 2.877.000 | (4.000.000) |
| Наплатени камати | | 110.564 | 150.629 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | **1.584.938** | **(4.817.792)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Исплатена дивиденда | | (6.462.794) | - |
| Отплата на кредити | | - | (84.658) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | **(6.462.794)** | **(84.658)** |
| Нето намалување на парични средства и еквиваленти на парични средства | | 330.792 | (222.442) |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства на 1 јануари | | 1.814.101 | 2.036.543 |
| **Парични средства и еквиваленти на парични средства на 31 декември** | 11 | **2.144.893** | **1.814.101** |

Белешките од страна 5 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи

## Извештај за промените во капиталот и резервите

| *Во илјади денари* | Белешка | Акционерски капитал | Законски резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари 2006 година | | 2.791.453 | 558.291 | 3.372.605 | 6.722.349 |
| Нето добивка за годината | | - | - | 3.090.189 | 3.090.189 |
| **Состојба на 31 декември 2006 година** | 12 | **2.791.453** | **558.291** | **6.462.794** | **9.812.538** |
| Состојба на 1 јануари 2007 година | | 2.791.453 | 558.291 | 6.462.794 | 9.812.538 |
| Нето добивка за годината | | - | - | 3.946.745 | 3.946.745 |
| Исплатена дивиденда | | - | - | (6.462.794) | (6.462.794) |
| **Состојба на 31 декември 2007 година** | 12 | **2.791.453** | **558.291** | **3.946.745** | **7.296.489** |

Белешките од страна 5 до 26 се составен дел на овие финансиски извештаи

# Белешки кон финансиските извештаи

## Општи информации

Т-Мобиле Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст: “Друштвото”) е акционерско друштво, основано и инкорпорирано во Република Македонија за обезбедување телекомуникациски услуги.

Непосредно матично друштво на Друштвото со 100% учество е Македонски Телекомуникации АД, Скопје, регистрирано во Република Македонија. Основното матично друштво на Друштвото е Deutsche Telekom AG и е регистрирано во Федерална Република Германија.

Друштвото е регистрирано на адреса “Орце Николов” бб. 1000, Скопје, Република Македонија.

Вкупниот број на вработени на 31 декември 2007 година е 436 (31 декември 2006: 434).

### *Истрага за одредени договори за консултантски услуги*

На 13 февруари 2006 година Magyar Telekom, компанијата со преовладувачко влијание во Друштвото, објави дека врши истрага на одредени договори склучени од страна на подружница на Magyar Telekom за да се одреди дали настанало повреда на политиката на Magyar Telekom или на применливите закони или регулативи. Последователно на ова на 19 февруари 2007 година Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораките на Одборот за ревизија на Македонски Телекомуникации АД и Одборот за ревизија на Magyar Telekom донесе одлука за спроведување на независна внатрешна истрага во врска со одредени договори. Истрагата која се спроведува од страна на независна правна фирма, под супервизија на Одборот за ревизија на Magyar Telekom е сеуште во тек.

Magyar Telekom веќе има имплементирано одредени корективни мерки, дизајнирани за подобрување на контролните процедури во Magyar Telekom Групацијата, во врска со склучувањето на консултански договори, вклучувајќи и воведување на нов модел на управување.

Како резултат на истрагата, настана одложување во финализирањето на финансиските извештаи за 2005 и 2006 година, поради што Друштвото не беше во можност да ги запази одредените рокови пропишани со законите и регулативата во Република Македонија, за подготовка и поднесување на ревидирани годишни резултати и одржување на годишното собрание на акционери.

## Значајни сметководствени политики

Основните сметководствени политики усвоени во подготвувањето на финансиските извештаи се прикажани подолу. Сметководствените политики се конзистентни со оние кои се применети во претходните години, освен доколку не е поинаку наведено.

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

**(а) Основа за изготвување**

Финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари. Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр: 28/2004) и Правилникот за водење сметководство (Службен весник на РМ бр: 40/1997, 73/1999 94/2004, 11/2005 и 116/2005). Финансиските извештаи се изготвени врз основа на историска набавна вредност, модифицирана од ревалоризацијата на недвижностите, постројките и опремата, нематеријалните средства и капиталот во годините на инфлација, со примена на официјалните коефициенти на пораст на цените на индустриски производи, финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по фер вредност преку билансот на успех.

Изготвувањето на финансиски извештаи подразбира раководството да врши проценки и претпоставки кои влијаат врз прикажаните износи во финансиските извештаи и белешките поврзани со нив. Деловите кои вклучуваат висок степен на претпоставки или комплексност или каде што проценките и претпоставките се значителни за финансиските извештаи се прикажани во сметководствената политика (с). Фактичките резултати може да се разликуваат од тие проценки.

**(б) Трансакции во странска валута**

Трансакциите во странска валута се искажуваат во денари според важечкиот курс на денот на деловната промена. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута се искажани во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојба, а добивките и загубите произлезени по оваа основа се евидентираат во билансот на успех. Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута се искажани во денари според важечкиот курс на датумот на деловната промена.

Девизните средства со кои работи Друштвото претежно се американски долари (УСД), евра (ЕУР) и швајцарски франци (ЦХФ). Официјалните курсевите важечки на 31 декември 2007 и 2006 година се следните:

| | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| | МКД | МКД |
| 1 УСД | 41,66 | 46,45 |
| 1 ЕУР | 61,20 | 61,17 |
| 1 ЦХФ | 36,86 | 38,07 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (в) Недвижности, постројки и опрема

*(i) Сопствени средства*

Недвижностите, постројките и опремата се прикажани според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите од оштетување (види сметководствена политика д). Набавната вредност на сопствено изградените недвижности, постројки и опрема ги вклучува трошоците за материјали и директна работна рака.

Ставките од недвижностите, постројките и опремата се ревалоризираат на крајот на годината со примена на официјалните коефициенти на пораст на индексот на цените на основните индустриски производи. Таквите коефициенти беа применувани на набавната или ревалоризираната вредност и на исправката на вредноста до приближните трошоци за замена. Нето ефектот на ревалоризацијата се евидентира како ревалоризационата резерва. Последната ревалоризација на недвижностите, постројките и опремата беше извршена во 2000 година.

*(ii) Последователни издатоци*

Последователните издатоци се вклучени во сметководствената вредност на средството или се признаени како посебно средство единствено кога ја зголемуваат идната економска полезност од недвижностите, постројките и опремата и кога трошокот на средствата може да биде соодветно измерен. Сегашната вредност на заменетите делови се отпишува. Сите останати издатоци се прикажуваат во билансот на успех како трошоци во периодот кога настануваат.

*(iii) Амортизација*

Амортизацијата се обезбедува во билансот на успех по пропорционална метода на начин да се отпише набавната или ревалоризираната вредност на средствата во текот на нивниот пропишан век на траење. Средствата не се амортизираат се до нивното ставање во употреба. Земјиштето не се амортизира.

Амортизацијата се пресметува согласно пропишаните годишни стапки на амортизација, кои се исто така даночно признаени:

| | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| | % | % |
| Автоматски телефонски централи | 25 | 25 |
| Базни станици | 25 | 25 |
| Згради | 2,5 | 2,5 |
| Компјутери | 25 | 25 |
| Електронски уреди | 25 | 25 |
| Мебел и друга канцелариска опрема | 20 | 20 |
| Патнички и други возила | 25 | 25 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (в) Недвижности, постројки и опрема (продолжение)

*(iii) Амортизација, продолжение*

Сметководствената вредност на средството се сведува на неговата надоместувачка вредност, доколку неговата сметководствената вредност е поголема од проценетата надоместувачка вредност (белешка д).

Добивките и загубите од продажба на недвижностите, постројките и опремата се определуваат преку споредување на приходите од продажба со нивната сметководствената вредност и се прикажуваат во билансот на успех во рамките на останати расходи од дејноста.

### (г) Нематеријални средства

Нематеријалните средства набавени од Друштвото се искажани по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација (види подолу) и загубите од оштетување (види сметководствена политика д).

Ставките на нематеријалните средства се ревалоризираат на крајот на годината со примена на официјалните коефициенти пораст на индексот на цените на индустриските производи. Таквите коефициенти беа применувани на набавната или ревалоризираната вредност и на исправката на вредноста до приближните трошоци за замена. Нето ефектот на ревалоризацијата се евидентира како ревалоризационата резерва. Последната ревалоризација на нематеријалните средства беше извршена во 2000 година.

*(i) Последователени издатоци*

Последователните издатоци кај нематеријалните средства се капитализираат единствено кога ја зголемуваат идната економска полезност на нематеријалните средства. Сите останати издатоци се признаваат како трошоци во периодот во кој настануваат.

*(ii) Амортизација*

Амортизацијата се обезбедува во билансот на успех по пропорционална метода на начин да се отпише набавната или ревалоризираната вредност на средствата во текот на нивниот пропишан век на траење Нематеријалните средства се амортизираат од датумот кога ќе се пуштат во употреба. Амортизацијата се пресметува со примена на следниве годишни стапки, кои се исто така и даночно признаени:

| | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| | % | % |
| Софтвер и лиценци | 20 | 20 |
| Вложувања во туѓи средства | 20 | 20 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (д) Оштетување на немонетарните средства

Средствата кои имаат неодреден век на користење не се предмет на амортизација и се тестираат дали има индикации за оштетување, на годишна основа. Средствата кои се предмет на амортизација на Друштвото, се проценуваат дека се оштетени, доколку постојат настани или промени кои индицираат дека нивната сметководствена вредност може да не биде надоместена. Загубите поради оштетување на средствата се признаваат во износот за кој сметководствената вредност на средството го надминува неговиот надоместувачки износ. Надоместувачкиот износ претставува поголемиот износ од износот кој ја претставува објективната вредност на средството намалена за трошоците на продажба и неговата употребна вредност. Заради проценка на оштетување на средствата, иститe се групираат на најниско можно ниво за кое може да се утврди независен паричен тек (единици кои генерираат парични средства). Загубите од оштетување се признаваат во билансот на успех. Немонетарните средства кои претрпеле оштетување, се ревидираат на секоја дата на известување за да се утврди евентуалното враќање на загубата поради оштетувањето.

### (ѓ) Вложувања

Вложувањето на Друштвото во непрофитната организација, фондацијата Т-Мобиле Македонија, е искажано по набавна вредност.

### (е) Залихи

Залихите се искажуваат по пониска од набавната и нето пазарната вредност. Нето пазарна вредност е проценетата продажна цена во нормални услови на делување, намалена за проценетите трошоци за продажба.

Набавната вредност на залихите се евидентира според принципот на просечни цени и ги вкучува трошоците направени при набавката на залихите и нивното донесување на постојната локација и состојба.

### (ж) Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања иницијално се признаваат по нивната објективна вредност, а последователно се мерат по амортизирана вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка, намалени за резервирањето заради оштетување. Исправката на вредноста заради оштетување на побарувањата од купувачите се формира кога постојат објективни докази дека Друштвото нема да може да ги наплати сите доспеани износи согласно оригиналните услови на побарувањето. Значајните финансиски потешкотии на должникот, веројатноста дека ќе влезе во стечај или финансиска реорганизација и задоцнетото плаќање (повеќе од 30 дена доцнење со плаќањето) се сметаат за индикатори дека побарувањето е оштетено. Износот на резервирањето се утврдува како разлика меѓу сегашната вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови.

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (ж) Побарувања од купувачи и останати побарувања (продолжение)

Сегашната вредност на средството се намалуваа со користење на сметка за исправка на побарувањата, а износот на загубата е признаен во билансот на успех. Кога побарувањето од купувачот е ненаплатливо, се отпишува преку контото за исправка на побарувањата од купувачите. Последователните враќања на износите претходно отпишани се пребиени со признаените исправки на вредност во билансот на успех.

### (з) Парични средства и еквиваленти на паричните средства

Паричните средства и еквивалентите на паричните средства се состојат од средства во благајна, депозити по видување и останати високо ликвидни вложувања со рок на доспеаност до три месеци.

### (ѕ) Обврски кон добавувачите и останати обврски

Обврските кон добавувачите и останатите обврски се прикажани според набавна вредност, што ја претставува нивната објективна вредност.

### (и) Акционерски капитал

Обичните акции се класифицирани како капитал.

### (ј) Законски резерви

Согласно законската регулатива, Друштвото, треба да издвојува 15 проценти од законската нето добивка за годината како законски резерви, додека нивото на резервите не достигне 1/5 од акционерскиот капитал. Овие резерви се користат за покривање на загубите и не се дистрибуираат на акционерите, освен во случај на стечај на Друштвото. Законските резерви можат да се дистрибуираат со одлука на Собранието на акционери.

### (к) Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврска во периодот кога се одобрени од страна на акционерите.

### (л) Признавање на приходи

Приходите произлегуваат од услуги дадени на претплатниците и останати трети лица кои ја користат телекомуникациската мрежа и продажба на опрема. Приходите од дадени услуги и продажба на опрема се прикажани намалени за данокот на додадена вредност, попусти и по елиминацијата на продажбата во рамките на Друштвото и се признаваат во моментот кога износот на приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно дека ќе ги зголеми идните економски користи на Друштвото и се исполнети специфични критериуми за обезбедување на секоја од услугите на Друштвото, објаснети подолу.

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (л) Признавање на приходи (продолжение)

Договорите со претплатниците вообичаено го вклучуваат надоместокот за активирање, продажба на опрема, месечна претплата и месечниот реализиран сообраќај. Друштвото ги смета различните елементи на ваквите договори како посебни процеси за создавање приходи и го признава приходот за секој од нив користејќи го методот на изведена вредност.

Купувачите можат исто така да купат припеид мобилни картички со што им се овозможува на овие корисници да ја користат телекомуникациската мрежа за определено време. Купувачите мора да платат за ваквите услуги на денот на купувањето на припеид картичката.

Трети страни кои се корисници на телекомуникациската мрежа, вклучуваат роаминг корисници на други провајдери и останати телекомуникациски провајдери кои ја користат мрежата за телефонски разговори.

Политиките за признавање на секоја од различните групи на приходи се прикажани подолу:

*(i)* ***Надоместок за активација***

Приходите од надоместот за приклучување на мобилната мрежа се признаваат кога ќе се изврши активирање услугата.

*(ii)* ***Месечна претплата***

Месечната претплата претставува фиксен месечен надомест кој се наплаќа од претплатниците за пристап до мрежата. Месечната претплата се признава за месецот за кој на претплатникот му е дозволен пристап кон мрежата.

*(iii)* ***Појдовен телефонски сообраќај***

Приходите од појдовен сообраќај го претставуваат користењето на мрежата од страна на претплатниците врз основа на договорните цени за сообраќај. Приходите се признаени во месецот во кој е реализиран сообраќајот за постпеид претплатниците или кога е извршена продажба на припеид ваучерите на припеид корисниците.

*(iv)* ***Дојдовен телефонски сообраќај***

Приходите од дојдовниот телефонски сообраќај се признаваат за периодот на нивното користење.

Дел од наплатениот приход, вообичаено се плаќа на другите оператори (вклучувајќи и роаминг) за користење на нивната мрежа. Овие приходи и трошоци од транзитниот сообраќај се прикажани во бруто износ во рамките на финансиските извештаи и се признаваат за периодот на нивното користење.

*(v)* ***Продажба на опрема***

Приходите и трошоците од продажбата на мобилните телефони се признаваат по нивна испорака.

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (љ) Приходи и расходи од финансирање

Приходите и расходите од финансирање ги вклучуваат приходите од камати од вложените средства, приход од дивиденди, позитивните и негативните курсни разлики, загуби поради оштетување на финансиските средства расположливи-за-продажба, како и добивки и загуби од финансиски средства по објективна вредност признаени во билансот на успех.

Приходите од камата се признаваат во билансот на успех на временска основа користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Приходот од дивиденда се признава кога е утврдено правото на дивиденда.

### (м) Наеми

Наемите во кој што значаен дел од ризиците и полезностите од сопственоста се задржани од страна на наемодавецот се класифицирани како оперативни наеми. Плаќањата направени врз основа на оперативните наеми (нето од сите олеснувања добиени од страна на наемодавачот) се признаваат во билансот на успех по пропорционална основа во текот на времетраењето на наемот.

### (н) Користи за вработените

#### *(i) Пензиски и останати обврски кон вработените*

Друштвото, во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензии, здравствена заштита, вработување и пресонален данок кои се пресметуваат според важечките законски стапки кои се на сила во текот на годината врз основа на нивните бруто плати. Надоместокот за хранарината, превоз и годишен одмор исто така се пресметува според локалното законодавство. Друштвото ги исплаќа овие придонеси кон државните и приватните фондови. Трошокот за овие исплати се признава во билансот на успех во истиот период како и со него поврзаниот трошок за плата. Друштвото не работи со ниедна друга пензиска програма или план за користи по пензионирање, следствено нема никаква обврска во однос на пензиите. Исто така, Друштвото нема обврска да обезбедува понатамошни користи на тековните и поранешните работници.

#### *(ii) Користи поради прекин на вработувањето*

Користи поради прекин на вработувањето се признаваат како обврски кога вработувањето е прекинато пред нормалниот датум на пензионирање или кога вработениот прифаќа доброволно прекинување на работниот однос во замена за овие користи. Друштвото ги признава користите поради прекин на вработувањето кога е евидентно дека е обврзано за: прекин на вработувањето на сегашните вработени според детален формален план без можност за повлекување или да обезбеди користи поради прекин на вработувањето како резултат на понуда направена со цел да се охрабри доброволно отпуштање.

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (н) Користи за вработените (продолжение)

#### *(iii) Бонус планови*

Друштвото признава обврски и трошоци за бонуси земајќи ги во предвид финансиските и оперативните резултати. Друштвото признава резервирања кога е обврзано со договор или кога има практика во минатото која резултирала во изведена обврска.

### (њ) Резервирања

Резервирањата се признаваат кога Друштвото има сегашна законска или договорна обврска како резултат на минати настани и е веројатно дека ќе настане одлив на ресурси кои содржат економски користи и кога може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската.

### (о) Данок на добивка

Данокот на добивка се признава во билансот на успех освен во случаи кога е поврзан со настани кои се признаваат директно во капиталот, во кој случај и тој се признава во капиталот.

Тековниот данок е очекуваниот данок што се плаќа на оданочивиот приход во годината, со употреба на даночни стапки кои што се на сила на денот на составување на даночниот биланс и секое усогласување на обврската за данок во однос на предходните години.

### (п) Споредбени информации

Со цел да се одржи конзистентност со презентацијата за тековната година, каде што беше потребно одредени ставки се рекласификувани за презентациски цели. Сепак, ваквите рекласификувања не резултираат во значајни промени во содржината и формата на финасиските информации презентирани во финансиски извештаи.

### (р) Управување со финансискиот ризик од страна на раководството

#### Финансиски ризични фактори

Друштвото е изложено на валутен ризик, каматен ризик, кредитен ризик и ризик на ликвидност кои произлегуваат од нормалните услови на работење на Друштвото.

#### *(i) Валутен ризик*

Функционална валута за Друштвото е македонскиот денар.

Изложеноста на валутен ризик е поврзана со поседување на депозити во банки кои се деноминирани во странска валута и од оперативни активности на приходи од и плаќања кон меѓународни телекомуникациски оператори, како и издатоците за недвижности, постројки и опрема и нематеријални вложувања кои произлегуваат од обврски кон добавувачи од странски земји.

# Белешки кон финансиските извештаи

## Значајни сметководствени политики (продолжение)

## (р) Управување со финансискиот ризик од страна на раководството (продолжение)

### (i) *Валутен ризик, продолжение*

Девизните валути кои го зголемуваат овој ризик првенствено се УСД и ЕУР. Друштвото користи парични депозити во странски валути претежно во ЕУР и УСД и парични депозити во МКД со девизна клаузула со цел заштита од валутниот ризик како и домашен валутен ризик во согласност со расположливите понуди на банките.

### (ii) *Каматен ризик*

Друштвото нема каматоносни обврски, но има ризик од каматните стапки во поглед на паричните депозити во банки и заемите кон вработените. Друштвото нема политика за заштита од ризикот на каматни стапки.

### (iii) *Кредитен ризик*

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со поединечна странка или со група на странки кои имаат слични карактеристики.

Процедурите на Друштвото континуирано осигуруваат дека продажбата се извршува на купувачи со соодветна кредитна историја и дека не се надминува лимитот за изложуеност на кредитен ризик.

Друштвото не гарантира за обврските на други странки.

Максималната изложеност на кредитниот ризик е презентирана преку сегашната вредност на финансиските средства во билансот на состојба. Последователно на тоа, Друштвото смета дека неговата максимална изложеност на кредитен ризик е претставена со износот на побарувањата намалени за исправката на вредноста призната на денот на билансот на состојба.

Дополнително, Друштвото е изложено на ризик преку пласирање на депозитит во банки.

Раководството на Друштвото е фокусирано на деловна соработка со банки со висока репутација во странска и домашна сопственост на домашниот пазар.

### (iv) *Ризик за ликвидност*

Политиката на Друштвото е да обезбеди доволно пари и парични еквиваленти да ги задоволи своите обврски во догледна иднина. Секој вишок на парични средства најчесто се вложува во комерцијални банки.

### (v) *Проценка на објективната вредност*

Објективната вредноста на јавно тргуваните финансиски средства прикажани по објективна вредност преку билансот на успех се базира на котираната пазарна цена на денот на билансот на состојба.

# Белешки кон финансиските извештаи

## Значајни сметководствени политики (продолжение)

## (c) Значајни сметководствени проценки и претпоставки

Друштвото прави проценки и претпоставки што се однесуваат на иднината. Проценките и расудувањата континуирано се оценуваат и се базираат на минато искуство и други фактори, вклучувајќи ги очекувањата за идни настани за кои што се верува дека се разумни под соодветните услови. Најзначајните проценки и претпоставки се прикажани подолу.

### *(i) Можни оштетувања на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства*

Ние го проценуваме оштетувањето на недвижностите, постројките и опремата и нематеријаните средства што можат да се идентификуваат, секогаш кога постои причина за верување дека нивната сегашна вредност значително ја надминува надоместувачката вредност и таму каде што се очекува оштетување на вредноста. Надоместувачката вредност се добива по пат на пресметка, при која се користи широк спектар на претпоставки и фактори кои влијаат на истите. Покрај другото, ги земаме во предвид идните приходи и расходи, технолошката застареност, прекин во услугите и други промени на околности кои можат да доведат до оштетување. Земајќи во предвид дека ова се врши врз основа на проценки и мислења, вредноста на можните оштетувања може да биде значително различна од она која е добиена по пат на овие пресметки.

### *(ii) Исправка на вредноста на побарувања од купувачи и други побарувања*

Исправката на сомнителни побарувања ја пресметуваме врз основа на проценките за загуби кои произлегуваат од неможноста на корисниците да ги извршат плаќањата. Кога се проценува адекватноста на исправките на вредноста на побарувањата, нашите проценки се базираат на старосната структура на побарувањата и минатото искуство со отпишување на побарувања, кредитната способност на корисниците и промената на условите на плаќање. Ова вклучува претпоставки за однесувањето на корисниците во иднина и идната наплата. Ако финансиската состојба на нашите корисници се влошува, тековните отписи на побарувањата можат да бидат и повисоки од очекуваните и можат да го надминат нивото на исправки кои што се признаени досега.

### *(iii) Резервирања*

Резервирањата главно се базираат на расудување, особено во судски спорови. Друштвото ја проценува веројатноста од настанување на негативен исход како резултат на минат настан и доколку проценетата веројатност од настанување е проценета да биде поголема од педесет проценти и доколку може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската, Друштвото врши резервирање за целиот износ на обврската. Друштвото е претпазливо при вакви проценки, но поради високото ниво на неизвесност, во некои случаи проценката може да не биде во согласност со евентуалниот исход на случајот.

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1. Реализација

| *Во илјади денари* | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Домашен пазар | 9.496.236 | 8.447.029 |
| Странски пазар | 605.134 | 538.160 |
| | 10.101.370 | 8.985.189 |

## 2. Останати приходи од дејноста

| *Во илјади денари* | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од ФГСМ | 33.124 | 37.207 |
| Приходи од монтажа и одржување на мини линкови | 31.607 | 29.586 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | 21.490 | 47.289 |
| Приходи од ребрендирање | 14.911 | 200.461 |
| Наплатени претходно отпишани побарувања | 13.851 | 21.438 |
| Отпишани обврски | 1.589 | 830 |
| Приходи од закупнини | - | 29 |
| Останато | 11.097 | 7.841 |
| | 127.669 | 344.681 |

## 3. Останати расходи од дејноста

| *Во илјади денари* | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Набавна вредност на продадена стоки | 966.166 | 681.886 |
| Транспорт/Интерконекција | 723.460 | 637.050 |
| Плаќања кон странски оператор | 473.346 | 411.090 |
| Реклами, маркетинг и спонзорства | 455.339 | 578.171 |
| Изнајмени водови | 322.194 | 300.677 |
| Резервирања за судски спорови | 183.055 | 150 |
| Останати трошоци за вработените | 177.081 | 142.293 |
| Одржување | 167.161 | 162.462 |
| Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања | 116.788 | 94.878 |
| Наемнини | 102.848 | 86.423 |
| Суровини, материјали и енергија | 99.608 | 73.578 |
| Надомести за радиофреквенции, нумерација и надзор | 94.609 | 93.361 |
| Консултантски услуги | 46.664 | 57.585 |
| Агенциска провизија | 40.079 | 98.385 |
| Поштарина за телефонски сметки | 37.982 | 22.663 |
| Сведување на недвижностите, постројките и опремата до нето пазарна вредност | 7.586 | 4.905 |
| Трошоци на ситен инвентар | 4.571 | 15.632 |
| Исправка на вредноста на залихите на нето пазарна вредност | 20.846 | (2.014) |
| Отпис на залихи | 28.342 | 20.062 |
| Останато | 232.985 | 240.080 |
| | 4.300.710 | 3.719.317 |

Надоместокот на Одборот на директори изнесува 2.055 илјади денари (2006: 1.817 илјади денари).

# Белешки кон финансиските извештаи

## 4. Нето приходи од финансирање

| *Во илјади денари* | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од камата | 227.804 | 156.215 |
| Приходи од финансирање | 227.804 | 156.215 |
| | | |
| Расходи од камата | (10) | (1.100) |
| Нето негативни курсни разлики | (45.761) | (36.485) |
| Расходи од финансирање | (45.771) | (37.585) |
| | **182.033** | **118.630** |

## 5. Данок на добивка

***Усогласување на ефективната даночна стапка***

| *Во илјади денари* | | 2007 | | 2006 |
|---|---|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | | 4.574.111 | | 3.550.415 |
| | | | | |
| Данок на добивка | 12% | 548.893 | 15% | 532.562 |
| Расходи непризнаени за даночни цели | 1,9% | 86.154 | 1,9% | 66.715 |
| Ослободени приходи за даночни цели | 0,0% | - | (0,2%) | (7.199) |
| Даночни ослободувања непризнаени во билансот на успех | (0,2%) | (7.681) | (3,7%) | (131.852) |
| | **13,7%** | **627.366** | **13,0%** | **460.226** |

До денот на одобрување на овие финансиски извештаи, даночните власти извршија целосна даночна ревизија на Друштвото за 2001 и 2002 година. Не беа идентификувани никакви забелешки во текот на истата.

На 30 декември 2006 година, Владата пропиша нови стапки за данок на добивка, за 2007 и 2008 година. Стапката за данок на добивка за 2007 година е 12%, додека применливата стапка од 2008 година и во годините потоа е 10%.

Даночните власти можат во било кое време во период од 5 години од датумот на поднесениот даночен извештај да извршат ревизија и да утврдат дополнителни даночни обврски и казни. Раководството нема сознанија за околности кои би можеле да доведат до значајни можни значајни обврски во контекст на горенаведеното.

# Белешки кон финансиските извештаи

## 6. Недвижности, постројки и опрема

| *Во илјади денари* | Земјиште и згради | Опрема | Останато | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| *Набавна вредност* | | | | | |
| На 1 Јануари 2006 година | 140.953 | 6.819.752 | 1.029.280 | 168.617 | 8.158.602 |
| Зголемувања | 4.009 | 146.216 | 104.646 | 163.817 | 418.688 |
| Пренос од инвестиции во тек (белешка 7) | - | 202.332 | 5.438 | (219.527) | (11.757) |
| Намалувања | - | (152) | (40.947) | (159) | (41.258) |
| **На 31 Декември 2006 година** | **144.962** | **7.168.148** | **1.098.417** | **112.748** | **8.524.275** |
| *Амортизација* | | | | | |
| На 1 Јануари 2006 година | 36.633 | 5.336.763 | 670.159 | - | 6.043.555 |
| Амортизација за годината | 3.698 | 923.859 | 186.986 | - | 1.114.543 |
| Намалувања | - | (152) | (36.393) | - | (36.545) |
| **На 31 Декември 2005 година** | **40.331** | **6.260.470** | **820.752** | **-** | **7.121.553** |
| *Сегашна вредност* | | | | | |
| **На 1 Јануари 2006 година** | **104.320** | **1.482.989** | **359.121** | **168.617** | **2.115.047** |
| **На 31 Декември 2006 година** | **104.631** | **907.678** | **277.665** | **112.748** | **1.402.722** |

| *Во илјади денари* | Земјиште и згради | Опрема | Останато | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| *Набавна вредност* | | | | | |
| На 1 Јануари 2007 година | 144.962 | 7.168.148 | 1.098.417 | 112.748 | 8.524.275 |
| Зголемувања | 4.234 | 413.114 | 168.757 | 165.504 | 751.609 |
| Пренос од инвестиции во тек | - | 82.368 | - | (82.368) | - |
| Намалувања | | (918.629) | (64.340) | (466) | (983.435) |
| **На 31 Декември 2007 година** | **149.196** | **6.745. 001** | **1.202.834** | **195.418** | **8.292.449** |
| *Амортизација* | | | | | |
| На 1 Јануари 2007 година | 40.331 | 6.260.470 | 820.752 | - | 7.121.553 |
| Амортизација за годината | 3.656 | 437.252 | 140.185 | - | 581.093 |
| Намалувања | - | (918.047) | (57.802) | - | (975.849) |
| **На 31 Декември 2007 година** | **43.987** | **5.779.675** | **903.135** | **-** | **6.726.797** |
| *Сегашна вредност* | | | | | |
| **На 1 Јануари 2007 година** | **104.631** | **907.678** | **277.665** | **112.748** | **1.402.722** |
| **На 31 Декември 2007 година** | **105.209** | **965.326** | **299.699** | **195.418** | **1.565.652** |

Оперативните наемнини во износ од 102.848 илјади денари (2006: 86.423 илјади денари) се однесуваат на наеми на недвижности и опрема и се вклучени во билансот на успех.

# Белешки кон финансиските извештаи

## 7. Нематеријални средства

| *Во илјади денари* | Софтвер и лиценци | Останато | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| На 1 јануари 2006 | 3.408.409 | 117.935 | 455 | 3.526.799 |
| Зголемувања | 519.593 | 4.590 | 260 | 524.443 |
| Намалувања | - | (346) | - | (346) |
| Пренос од инвестиции во тек (белешка 6) | 11.757 | - | - | 11.757 |
| **На 31 декември 2006** | 3.939.759 | 122.179 | 715 | 4.062.653 |
| **Амортизација** | | | | |
| На 1 јануари 2006 | 1.628.099 | 64.981 | - | 1.693.080 |
| Амортизација за годината | 703.624 | 21.250 | - | 724.874 |
| Намалувања | - | (156) | - | (156) |
| **На 31 декември 2006** | 2.331.723 | 86.075 | - | 2.417.798 |
| **Сегашна вредност** | | | | |
| На 1 јануари 2006 | 1.780.310 | 52.954 | 455 | 1.833.719 |
| **На 31 декември 2006** | 1.608.036 | 36.104 | 715 | 1.644.855 |

| *Во илјади денари* | Софтвер и лиценци | Останато | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| На 1 јануари 2007 | 3.939.758 | 122.179 | 715 | 4.062.652 |
| Зголемувања | 569.010 | 20.025 | - | 589.035 |
| Пренос од инвестиции во тек | 715 | - | (715) | - |
| **На 31 декември 2007** | 4.509.483 | 142.204 | - | 4.651.687 |
| **Амортизација** | | | | |
| На 1 јануари 2007 | 2.331.723 | 86.075 | - | 2.417.798 |
| Амортизација за годината | 616.718 | 14.986 | - | 631.704 |
| **На 31 декември 2007** | 2.948.441 | 101.061 | - | 3.049.502 |
| **Сегашна вредност** | | | | |
| На 1 јануари 2007 | 1.608.035 | 36.104 | 715 | 1.644.854 |
| **На 31 декември 2007** | 1.561.042 | 41.143 | - | 1.602.185 |

## 8. Залихи

| *Во илјади денари* | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Материјали | 26.696 | 27.912 |
| Резервни делови | 30.227 | 40.245 |
| Трговски стоки | 168.561 | 195.929 |
| Ситен инвентар | 6.178 | 979 |
| Исправка на вредноста на залихите на нето пазарна вредност | (21.465) | (619) |
| | 210.197 | 264.446 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### 8. Залихи (продолжение)

***Движење на исправката на вредноста на залихите***

| *Во илјади денари* | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари | (619) | (2.633) |
| (Зголемување)/враќање на исправката | (20.846) | 2.014 |
| Состојба на 31 декември | (21.465) | (619) |

Исправката на вредноста на залихите се однесува на застарени трговски стоки.

### 9. Побарувања од купувачи и останати побарувања

| *Во илјади денари* | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | | |
| -Странски | 71.305 | 95.434 |
| -Домашни | 1.448.655 | 1.158.555 |
| Намалено за: исправка на вредност за сомнителни и спорни побарувања | (468.905) | (366.594) |
| Побарувања од купувачи, нето | 1.051.055 | 887.395 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 241.879 | 313.385 |
| Дадени аванси на добавувачите | 9.385 | 1.472 |
| Претплати | 67.040 | 170.225 |
| Краткорочни заеми дадени на поврзани странки | 1.247.230 | 4.005.587 |
| Побарувања за ДДВ | 94 | 79 |
| Останато | 10.315 | 1.856 |
| | 2.626.998 | 5.379.999 |

Побарувањата од поврзани субјекти претставуваат побарувања од Македонски Телекомуникации АД, Magyar Telekom Rt. Групацијата и Deutsche Telekom AG Групацијата (види белешка 16).

Заемот даден на поврзани субјекти претставува заем даден на Македонски Телекомуникации АД на 30 Ноември 2006 со каматата која ќе се добива од управувањето со овие средства, намалена за изложените административни трошоци.

Објективната вредност на побарувања од купувачите и останати побарувања се како што следи:

| *Во илјади денари* | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 1.051.055 | 887.395 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 241.879 | 313.385 |
| Дадени аванси | 9.385 | 1.472 |
| Претплати и одложени расходи | 67.040 | 170.225 |
| Краткорочни заеми дадени на поврзани субјекти | 1.247.230 | 4.005.587 |
| Побарувања за ДДВ | 94 | 79 |
| Останато | 10.315 | 1.856 |
| | 2.626.998 | 5.379.999 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### 9. Побарувања од купувачи и останати побарувања (продолжение)

***Движења на исправката на вредност на сомнителни и спорни побарувања***

| *Во илјади денари* | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Исправка на вредност на 1 Јануари | (366.594) | (296.198) |
| Расход во текот на годината | (116.788) | (94.878) |
| Отписи | 626 | 3.044 |
| Наплатени отпишани побарувања | 13.851 | 21.438 |
| **Исправка на вредноста на 31 декември** | **(468.905)** | **(366.594)** |

Побарувањата за кои има исправка на вредност се отпишуваат кога нема очекувања за дополнителни приливи.

### 10. Депозити во банки

Ефективната каматна стапка на депозитите во реномирани банки е во рамки од 3,44% до 4,64% (2006: од 2,87% до 5,02% годишно); овие депозити се со рок на доспевање над 3 месеци.

### 11. Парични средства и еквиваленти на паричните средства

| *Во илјади денари* | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Депозити по видување | 2.130.860 | 1.794.609 |
| Благајна | 1 | 2 |
| Чекови и друг парични еквиваленти | 14.032 | 19.490 |
| | **2.144.893** | **1.814.101** |

Ефективната каматна стапка на краткорочните депозити во банки е во рамки од 1,60% до 5,50% годишно (2005: од 1,75% до 5,50% годишно); овие депозити се со рок на доспевање до 3 месеци.

### 12. Капитал и резерви

Акционерскиот капитал се состои од следново:

***Акционерски капитал***

| *Во илјади денари* | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Обични акции | 2.791.453 | 2.791.453 |
| | **2.791.453** | **2.791.453** |

Акционерскиот капитал се состои од 9.169.244 обични акции, во сопственост на Македонски Телекомуникации АД - Скопје.

***Дивиденди***

Во текот на 2007 година, Друштвото исплати дивиденди на сопственикот во износ од МКД 3.372.605 илјади за 2005 година и МКД 3.090.189 илјади за 2006 година.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 12. Капитал и резерви (продолжение)

*Дивиденди (продолжение)*

До денот на изготвување на овие финансиските извештаи, не беше објавена одлука за исплата на дивиденда за 2007 година.

### 13. Резервирање за други обврски и плаќања

| *Во илјади денари* | Судски спорови | Програма за лојалност на корисниците | Останато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Јануари 1, 2006 | - | - | 1.698 | 1.698 |
| Дополнителни резервирања | 150 | - | 4.670 | 4.820 |
| Декември 31, 2006 | **150** | **-** | **6.368** | **6.518** |

| *Во илјади денари* | Судски спорови | Програма за лојалност на корисниците | Останато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Јануари 1, 2007 | 150 | - | 6.368 | 6.518 |
| Дополнителни резервирања | 183.055 | 125.484 | - | 308.539 |
| Враќање на неискористен износ | - | | (6.368) | (6.368) |
| Искористено во периодот | (196) | (16.702) | - | (16.898) |
| Декември 31, 2007 | **183.009** | **108.782** | **-** | **291.791** |

Анализа на вкупните резервирања:

| | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Нетековни (судски спорови и останато) | 291.360 | 6.368 |
| Тековни | 431 | 150 |
| | **291.791** | **6.518** |

Комисијата за заштита на конкуренцијата ("КЗК"), по спроведување на административна процедура, во септември 2007 година, определи дека Друштвото ја злоупотребува доминантната позиција на пазарот, преку начинот на кој го пресметува приходот од услугата на говорна пошта. Во таа смисла, КЗК, нарача нов начин на пресметување на оваа услуга (со цел да им овозможи на корисниците да имаат избор доколку сакаат или не сакаат да ја користат оваа услуга, без да им се наплаќа за тоа) и покрена прекршочна постапка против Друштвото во однос на тоа. Раководството на Друштвото, врз основа на надворешен правен совет, верува дека износот на казната нема да ја наруши способноста на Друштвото да продолжи да работи на континурана основа, понатаму, верува дека, врз основа на соодветни внатрешни и надворешни дискусии, дека најдобра проценка на евентуална казна е во износ од МКД 182.118 илјади, што е еднакво на приходите на Друштвото од оваа услуга во определениот период.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 13. Резервирање за други обврски и плаќања (продолжение)

Остатокот од резервирањата главно се однесуваат за одредени правни и регулативни спорови кои се покренати против Друштвото. Според соодветни правни совети, раководството не очекува дека резултатот од овие правни спорови ќе резултира во загуба значително поголема од износот евидентиран на 31 декември 2007.

### 14. Обврски кон добавувачи и останати обврски

| *Во илјади денари* | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачите | | |
| -Домашни | 94.926 | 248.601 |
| -Странски | 111.331 | 317.618 |
| Обврски кон поврзани странки | 198.614 | 129.824 |
| Даноци и обврски за социјално осигурување | 64.232 | 61.685 |
| Нефактурирани обврски | 615 | 12.250 |
| Пресметани обврски | 181.457 | 163.771 |
| Останато | 16.613 | 5.486 |
| | 667.788 | 939.235 |

Обврските кон поврзани субјекти претставуваат обврски кон Македонски Телекомуникации АД, Magyar Telekom Rt. Групацијата и Deutsche Telekom AG Групацијата (белешка 16).

### 15. Потенцијални и превземени обврски

***Превземени обврски за капитални инвестиции***

Одобрениот износ за превземени обврски за капитални инвестиции на 31 Декември 2007 година беше 407.031 илјади денари (2006: 874.871 илјади денари).

***Превземени обврски за оперативен наем - каде што Друштвото е наемопримач***

Обврски за оперативен наем се главно за наем на згради, деловни објекти, локации за базните станици и други телекомуникациски капацитети.

Идните вкупни минимални плаќања за наем по основ на неотповикливи оперативни договори за наем се како што следи:

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Не повеќе од 1 година | 80.176 | 77.665 |
| Повеќе од 1 година,но не повеќе од 5 години | 257.776 | 282.679 |
| Повеќе од 5 години | 87.812 | 126.506 |
| | 425.764 | 486.850 |

## Белешки кон финансиските извештаи

## 15. Потенцијални и превземени обврски (продолжение)

*Потенцијални обврски*

Друштвото е вклучено во судски постапки од своето редовно работење.

Покрај тоа, Друштвото е тужено од Њусфоун С ДОО - Скопје, по основ на изгубена идна добивка, како последица на раскинување на Договорот од страна на Друштвото. Додека обврската не се определи, доколку одбраната е неуспешна, бараниот износ на отштета од страна на тужителот изнесува 983.083 илјади денари.

Во мај 2007 година, Агенцијата за Електронски Комуникации („Агенцијата”), издаде фактури за доплата по однос на надоместокот за радифрекфенции за 2004 и 2005 година во износ од 150.790 илјади денари. Друштвото веќе ги има платено фактурите издадени од Агенцијата, кои се однесуваат на истите периоди во износ од 125.561 илјади денари и смета дека овие надоместоци се конечно подмирени и не ги призна ниту ги плати новите фактури издадени во мај 2007 година. Агенцијата покрена судска постапка. Судот во прв степен поднесе тужба против Друштвото, а Друштвото поднесе приговор на истата..До денес, судот нема одлучено по основ на приговорот на Друштвото. Врз основа на надворешно правно мислење, раководството на Друштвото не очекува дека е веројатно дека ќе има одлив на ресурси кои содржат економски користи, за подмирување на обврската.

Според мислењето на раководството, крајниот исход од овие судски спорови нема да има материјално влијание на резултатите на Друштвото.

## 16. Трансакции со поврзани странки

Сите трансакции со поврзани странки произлегуваат од нормалниот тек на работењето и нивната вредност не е материјално различна од условите кои би преовладувале во пазарни услови.

*Трансакции со поврзани странки*

Трансакциите со поврзани странки се состојат од обезбедување на телекомуникациски услуги и набавка на опрема, земање заеми и обезбедување на консултантски услуги. Износите на побарувањата и обврските се прикажани во соодветните белешки (белешка 9 и 14).

## Белешки кон финансиските извештаи

### 16. Трансакции со поврзани странки (продолжение)

Побарувањата и обврските на Друштвото со поврзаните странки се следните:

| *Во илјади денари* | 2007 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|
| | Побарувања | Обврски | Побарувања | Обврски |
| Македонски Телекомуникации АД,Скопје | 235.571 | 150.944 | 288.622 | 103.381 |
| Телемакедонија | - | 16.873 | - | 3.864 |
| Magyar Telekom | - | 19.704 | - | - |
| T-Mobile Montenegro | - | 227 | 55 | 134 |
| T-Mobile Hungary | 99 | 25 | 213 | 16.028 |
| T-Mobile Croatia | 2.860 | 289 | 1.126 | 1.123 |
| T-Mobile Slovakia | 63 | 20 | 147 | 34 |
| T-Systems PCM Gmbh | - | - | - | 1.193 |
| T-Mobile Czech Republic | - | 224 | 120 | 364 |
| T-Mobile Germany | 1.269 | 328 | 3.388 | 1.395 |
| T-Mobile Austria | 1.221 | 524 | 1.897 | 1.300 |
| T-Mobile UK | 26 | 733 | 207 | 294 |
| T-Mobile Holland | 276 | 474 | 187 | 319 |
| T-Mobile USA | 285 | - | 825 | 225 |
| T-Mobile Internacional | - | 7.130 | - | - |
| Deutsche Telekom AG Germany | - | 92 | 16.545 | 92 |
| PTC "ERA" Poland | 34 | - | 53 | - |
| T-Systems Nova Germany | - | 987 | - | 78 |
| Orange Netherlands | 175 | 40 | - | - |
| | **241.879** | **198.614** | **313.385** | **129.824** |

## Белешки кон финансиските извештаи

### 16. Трансакции со поврзани странки (продолжение)

Приходите и расходите на Друштвото со поврзаните странки се следните:

| *Во илјади денари* | 2007 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|
| | Приходи | Расходи | Приходи | Расходи |
| Македонски Телекомуникации АД,Скопје | 1.570.415 | 726.297 | 1.456.772 | 664.723 |
| Magyar Telekom | - | 9.092 | - | - |
| Телемакедонија | - | 23.980 | - | 35.038 |
| T-Mobile Montenegro | 1.195 | 7.249 | 580 | 6.298 |
| T-mobile Hungary | 2.597 | 2.624 | 3.347 | 2.425 |
| T-mobile Croatia | 17.221 | 20.934 | 11.943 | 16.081 |
| T-mobile Slovakia | 668 | 420 | 684 | 355 |
| PTC "ERA" Poland | 1.454 | 905 | 92 | 72 |
| T-mobile Czech Republic | 818 | 1.662 | 1.253 | 1.803 |
| T-mobile Germany | 24.287 | 15.639 | 34.055 | 14.308 |
| T-mobile Austria | 11.655 | 8.980 | 12.847 | 7.290 |
| T-mobile UK | 1.807 | 3.899 | 2.814 | 2.201 |
| T-mobile Holland | 1.673 | 2.171 | 2.431 | 2.391 |
| Orange Netherlands | 379 | 106 | - | - |
| T-mobile USA | 6.143 | 4.782 | 5.448 | 4.787 |
| | **1.640.312** | **828.740** | **1.532.266** | **757.772** |

***Надоместоци на клучното раководство***

Вкупниот износ на надоместоци за клучното раководство вклучувајќи ги поврзаните даноци, се прикажани подолу:

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Краткорочни користи на вработените | 44.662 | 40.765 |
| Надоместоци по основ на прекин на вработувањето | 22.520 | - |
| Плаќања засновани на акции | - | 6.368 |
| | **67.182** | **47.133** |

### 17. Последователни настани

По датумот на составување на билансот не се случија настани од материјално значење, кои требало да се прикажат во финансиските извештаи.